Phone: +38946511000
Fax: +38946511567
www.uist.edu.mk

Partizanska bb
6000 Ohrid
Republic of North Macedonia

Бр. 01-1020/1
Охрид, 28.12.2021 год.

Врз основа на член 94, точка 43, во врска со член 186 од Законот за високото образование и член 181 и 182, а во врска со член 319-323 од Статутот на Универзитетот, Сенатот на Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле“- Охрид, на седница одржана на ден 28.12.2021 година го усвои следниов

П Р А В И Л Н И К
ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И ТЕХНОЛОГИИ „СВЕТИ АПОСТОЛ ПАВЛЕ“ ОХРИД

Општи одредби

Член 1

Со овој Правилник се уредува остварувањето на правата и обврските на вработените на Универзитетот поврзани со нивното образование и стручно усовршување.

Член 2

Универзитетот, односно единицата на Универзитетот поттикнува и овозможува стручно усовршување и образование на вработените во областа на наставно-научната, истражувачката, уметничката и административната работа, во согласност со потребата за унапредување и зголемување на квалитетот на извршувањето на поодделните работни задачи и подобра организација и ефикасност на целокупното работење.

Образованието и стручното усовршување ги опфаќа правата за:

- Учество на научни и стручни собири кои се организираат во земјата и странство (како што се конгреси, симпозиуми, семинари, советувања, стручни состаноци и слично);
- Отсуство заради специјализација и студиски престој во странство, дообразување, односно доквалификација или преквалификација, оспособување во текот на работата низ посебни програми за специјалистички курсеви од областите од значење за Универзитетот, односно единицата на Универзитетот;
- Овозможување на различни видови и форми на стручно усовршување на административниот кадар на Универзитетот.

Член 3

Средствата за образование и стручно усовршување на вработените се предвидуваат со годишниот финансиски план, а се обезбедуваат од:

- Буџетот на државата
- Универзитетот

• Програми за мобилност, стипендии или проекти од национален или меѓународен карактер.

Средства од Буџетот на државата може да се обезбедат преку аплицирање при Министерство за образование и наука, други релевантни министерства и други соодветни меѓународни, национални или локални институции и организации.

Средствата од програми за мобилност, стипендии или проекти се обезбедуваат со аплицирање по распишан повик за обезбедување на вакви средства.

Стручно усовршување на наставно-образовниот и научниот кадар

Член 4

Во насока на стручно усовршување и следење на научните достигнувања, Универзитетот организира научни и стручни собири (конференции, симпозиуми, семинари) од национален и меѓународен карактер.

Универзитетот, нема да наплаќа од својот наставен и соработнички кадар за објавување на стручни и научни трудови во научното списание на Универзитетот.

Член 5

Под стручно усовршување на вработените особено се подразбира:

1. Постдокторско усовршување во земјата или во странство
2. Стручни или истражувачки специјализации во земјата и во странство
3. Посети и студиски престои на универзитети во земјата и странство во рамките на одобрени проекти или меѓу универзитетски соработки
4. Учество на домашни или меѓународни научни и стручни собири
5. Учество на семинари, стручни советувања и сл.
6. Други облици на усовршување во согласност со овој Правилник.

Член 6

Соработниците кои се вработени на Универзитетот, а се запишани на трет циклус студии на единицата каде се и вработени, се ослободуваат од школарината на тие студии, за што потпишуваат договор со единицата, во кој се регулираат соодветните меѓусебни односи.

Универзитетот може да партиципира во трошоците за школување на соработникот кој е запишан на студии од трет циклус студии на друг универзитет во земјата или странство, за што единицата донесува акт во кој се предвидуваат критериумите под кои истото може да се реализира, доколку за истото постојат финансиски можности на Универзитетот.

Член 7

На наставниот и соработничкиот кадар во редовен работен однос на Универзитетот, согласно член 125, став 3 од Законот за високото образование, му се одобрува користење и ќе му биде исплатен надоместок за стручно и научно дообразување и доусовршување (учество на семинари, учество на конференции и објава на трудови, набавка на стручна литература и сл.).

Надоместоците од став 1 на овој член се утврдуваат во следните износи:

Звање	Нето-износ	Број на бодови	Вредност на бод
Редовен професор	18,000.00	1.3755	13,086.00
Вонреден професор	15,000.00	1.1463	13,086.00

Доцент	12,000.00	0.9170	13,086.00
Виш лектор	8,000.00	0.6113	13,086.00
Асистент/Лектор	6,000.00	0.4585	13,086.00

Надоместокот од став 2 се исплаќа по завршување на семестарот и доставен и усвоен извештај со потребна документација.

Лицата за кои е предвиден овој надоместок се обврзани најдоцна до 1ви март за зимскиот семестар, а најдоцна до 15-ти октомври за летниот семестар, да поднесат извештај до Сенатот со приложена документација околу начинот на кој ги искористиле средствата и да побараат нивно одобрување односно рефундирање.

Доколку Сенатот го прифати извештајот, Одделението за финансиско, материјално и сметководствено работење ќе изврши исплата во рамки на износите определени со овој правилник.

Член 8

Средствата утврдени со член 7 по основ надоместоци за стручно и научно усовршување, наставниот и соработничкиот кадар, може да ги искористува за уплата на годишно членство во научни здруженија, членство на онлајн платформии за услуги и изнајмување ресурси и купување на лиценци за специјализиран софтвер за потребите на наставата и истражуањата.

Член 9

Средства на семестрално ниво, може да се акумулираат во четири семестри, и истите заеднички да се искористат согласно намените утврдени со овој правилник.

Член 10

Средства на наставниот и соработничкиот кадар може да се здружуваат меѓусебно со цел учество на поквалитетни конференции и семинари како и објавување на поквалитетни трудови.

Платено и неплатено отсуство

Член 11

На лице избрано во наставно-научно, наставно-стручно, научно, наставно и соработничко звање на негово барање, на секои 5 (пет) години, високообразовната установа може да му одобри платено отсуство во траење до 1 година, односно неплатено отсуство во траење до 3 години заради стручно усовршување, односно истражување во соодветната научна, односно уметничка област или за престој во соодветна институција, при што неговите обврски во наставата се прераспределуваат во зависност од потребите и можностите на институцијата.

Платеното, односно неплатеното отсуство, лицата од став 1 можат да го користат, доколку:

- се во работен однос на единица на Универзитетот;
- отсуството го користат за стручно усовршување што ќе биде во функција на професионален развој или унапредување на квалитетот на наставниот, односно научно-истражувачкиот процес;
- отсуството го користат за реализирање истражувања во соодветната научна, односно уметничка област;

- отсуството го користат за престој во соодветна институција заради реализирање соодветни студии (докторски студии, постдокторски студии и сл.) или вршење наставна, односно научно-истражувачка дејност во странство;
- со отсуството да е обезбедено да не се нарушува процесот на наставната, односно научно-истражувачката дејност на единицата.

Член 12

Вработениот може да користи платено отсуство, во текот на академската година, и тоа:

1. Заради посета на настава на трет циклус студии на друг универзитет во земјата и странство, вкупно во траење до 1 година
2. Заради постдокторско усовршување во земјата или во странство, вкупно во траење до 1 година
3. Извршување на стручни или истражувачки специјализации во земјата и во странство вкупно во траење до 6 месеци
4. Посети и студиски престои на универзитети во земјата и странство во рамките на одобрени проекти или меѓу-универзитетски соработки вкупно во траење до 3 месеци
5. Учество на домашни или меѓународни научни и стручни собири вкупно во траење до 30 дена
6. Учество на вработените, надвор од наставниот процес на семинари, стручни советувања и слично вкупно во траење до 10 дена
7. Други облици на усовршување во согласност со овој Правилник.

Член 13

Доколку на вработениот наставник односно соработник му биде прифатена апликација за студиски престој на странска научна институција или универзитет во странство, вработениот поднесува барање за отсуство во писмена форма, со образложение и документација која овозможува поблизок увид во целта и содржината на отсуството.

По барањето, Деканот одлучува и донесува решение за одобрување на отсуство или го одбива барањето во рок од 8 дена.

Доколку барањето за отсуство е одбиено од Деканот, кандидатот истото барање може да го достави на разгледување до Ректорот на Универзитетот. Одлуката на Ректорот е конечна.

Член 14

Барањето за отсуство подолго од три месеци треба да се поднесе до надлежниот орган најдоцна 30 дена пред реализацијата на отсуството.

Член 15

Отсуствата во траење до 30 дена ги одобрува Деканот на единицата на Универзитетот и за истите Деканот ја известува Ректорската управа.

Отсуствата во траење повеќе од 30 дена ги одобрува Ректорската управа по предлог од Наставно-научниот совет на единицата на Универзитетот а на барање на наставник/соработник.

Во исклучителни случаи, отсуства од ставовите 1 и 2 може да одобрува и Ректорот, според негова лична проценка, доколку е тоа од посебен интерес за Универзитетот, односно единицата.

Надоместоци и организација на наставата и обврските на отсутниот наставник/соработник

Член 16

За отсуства заради стручно, односно научно усовршување во соодветната научна, односно уметничка област или за престој на високообразовна, научна или уметничка установа, на отсутниот наставник му следува надомест на плата, доколку истиот ги исполни и следните услови:

- Отсуство до еден месец, отсутниот наставник треба да си ги заврши обврските со наставата и испитите во тековниот семестар;
- Отсуство од еден до два месеци, отсутниот наставник треба да си ги заврши обврските со наставата и испитите во тековниот семестар. Доколку тоа не е можно, тогаш единицата на Универзитетот треба да обезбеди услови за непречено одвивање на наставно-образовниот процес;
- При отсуство од два месеци до една година, единицата на Универзитетот треба да обезбеди непречено одвивање на обврските на отсутниот наставник со ангажирање како замена на одредено време на друг соодветен наставник/соработник (до враќањето на отсутниот наставник /соработник).

Согласно член 186 од Законот за високото образование доколку стручното усовршување, истражувањето, односно престојот од став (1) на наставникот е на некој од првите сто универзитети рангирани на последната објавена листа од следните институции: Институт за високо образование при Шангајскиот Џио Тонг универзитет, US News and Report и Times Higher Education Supplement – World University Ranking, покрај платеното отсуство, Министерството надлежно за работите од високото образование ги надоместува трошоците за сместување, исхрана, здравствено осигурување и патни трошоци, доколку истите не се надоместени од институцијата на која се остварува престојот или од друга институција.

Користење на платена студиска година (сабатна година) или платен студиски семестар

Член 17

Вработените наставници од единиците на Универзитетот избрани во наставно-научно звање редовен или вонреден професор, имаат право на користење на сабатна година, или платен студиски семестар, на секои 10 години непрекината работа на единицата, заради стручно усовршување или подготовка на научна работа.

Член 18

Сабатна година, или платен студиски семестар, во една академска година може да користи најмногу еден вработен на единицата, доколку со тоа не е нарушен процесот на изведување на наставата.

Член 19

Единицата е должна, пред да му го одобри на наставникот правото на користење на сабатна година, да обезбеди соодветна замена со наставник во наставно-научно звање, заради одржување на наставата и исполнување на другите обврски на отсутниот наставник.

Начин на стекнување на правото

Член 20

Сабатна година, или платен студиски семестар се одобрува во академската година која претходи на годината на користење.

Барањето за користење на сабатна година, или платен студиски семестар со програмата за тоа што ќе работи наставникот за тоа време, како и со потврдата на катедрата за обезбедена соодветна замена, се поднесува до Ректорската Управа најмалку 6 месеци пред користењето.

Член 21

Сабатната година, или платениот студиски семестар го одобрува Ректорската управа под услов да е обезбедено изведување на наставата, на предметите кои ги води наставникот кој го поднел барањето, за периодот во кој истиот ќе биде отсутен.

Обврски на корисникот на платена студиска година (сабатна година) или платен студиски семестар

Член 22

Во рок од 30 дена од завршувањето на користењето на сабатната година, или платениот студиски семестар, наставникот е обврзан на Деканот да му поднесе писмен извештај за реализацијата на програмата која ја остварил во текот на користењето на сабатната година, или платениот студиски семестар.

Деканот е должен да ги запознае членовите на Наставно-научниот совет на единицата и Ректорската управа со извештајот за реализираната програма на наставникот.

Стручно усовршување на административниот кадар

Член 23

Вработените во Централната стручна и административна служба на Универзитетот и стручните и административните служби на единиците на Универзитетот, имаат право и обврска стручно да се усовршуваат заради поквалитетно извршување на работните задачи. Стручното усовршување вклучува:

- подобрување на знаењата потребни за поквалитетно извршување на нивните работни задачи;
- подобрување на знаењата поврзани со познавање на странски јазик, во зависност од природата на работните задачи;
- подобрување на знаењата поврзани со користењето на информатичката технологија во зависност од природата на работните задачи;
- стекнување на други знаења и вештини во функција на нивно понатамошно стручно усовршување.

Член 24

Универзитетот/единицата на Универзитетот има обврска за создавање на услови за стручно усовршување на административниот кадар низ конкретни форми и активности на стручно усовршување.

Член 25

Универзитетот/единицата на Универзитетот обезбедува механизми и средства за поттикнување на вработените за нивно стручно усовршување.

Член 26

Стручното оспособување и усовршување на административниот кадар се обезбедува во рамките на Универзитетот/единиците, во центри за обука, во други специјализирани институции за обука, како и во други универзитети во земјата и странство, за период од најмногу 3 месеци во текот на годината.

Член 27

На вработените во стручно-административната служба на Универзитетот, Универзитетот ќе им исплаќа надоместок за стручно и научно дообразување и доусовршување (учество на семинари, обуки, работлници и сл., согласно потребите на Универзитетот).

	Нето-износ	Број на бодови	Вредност на бод
Раководна позиција	6,000.00	0.4585	13,086.00
Нераководна позиција (со исклучок на вработените во Одделот за одржување)	4,000.00	0.3057	13,086.00

Надоместокот од став 2 се исплаќа по завршување на семестарот и доставен извештај со потребна документација.

Лицата за кои е предвиден овој надоместок се обврзани најдоцна до 1-ви март за зимскиот семестар, а најдоцна до 15-ти октомври за летниот семестар, да поднесат извештај до Сенатот со приложена документација околу начинот на кој ги искористиле средствата и да побараат нивно одобрување.

Доколку Сенатот го прифати извештајот, Одделението за финансиско, материјално и сметководствено работење ќе изврши исплата во рамки на износите определени со овој правилник.

Преодни и завршни одредби

Член 28

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето во Билтенот на Универзитетот а ќе започне да се применува почнувајќи од летен семестар во академската 2021/2022 година.

Претседател на Сенат
Вонр. проф. д-р Атанас Христов, с.р.